СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
— 75 ГОДИНИ НА ВАША СТРАНА —

**Известување за првостепена неправосилна пресуда против Стопанска банка АД – Скопје**

Во врска со поднесена тужба од страна на 1 сопственик на приоритетни акции против Стопанска банка АД – Скопје, Банката известува дека прими првостепена Пресуда 34п. П1-584/19 од 06.10.2020 година на Основниот граѓански суд Скопје со која се усвои тужбеното барање за поништување на Одлуката за распределба на добивката на Банката за 2018 година и Одлуката за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на приоритетните акции на Банката за втората половина од 2018 година, донесени од Собранието на акционери на СБ на 29.05.2019 година.

Стопанска банка АД – Скопје изразува целосно несогласување со наводите изнесени во првостепената пресуда, убедена е дека горенаведените одлуки на Собранието на акционери се во целосна согласност со Законот за трговски друштва, Законот за хартии од вредност, Законот за банки, Статутот на Банката, Одлуките за емисии на акции на Банката и правата од приоритетните акции согласно официјалната евиденција во Централниот депозитар на хартии од вредност, па во таа смисла ќе ја обжали пресудата во законски утврдениот рок. Навремено поднесената жалба го одложува извршувањето на пресудата, што значи истата не е правосилна.

Стопанска Банка АД – Скопје ја информира јавноста дека судскиот спор не влијае на ниту еден начин врз редовното работење на Банката.